# И З Ј А В А

**за:**

- **именување на одговорно лице за пополнување на ESG прашалник**
- **точност и вистинитост на податоци и веродостојност на документи**

Јас, долупотпишаниот/долупотпишаната:

Име и презиме: ______________________________________

ЕМБГ: ______________________________________

Адреса на живеење: ______________________________________

Во улога на законски застапник на:

Назив на правно лице: ______________________________________

ЕМБС: ______________________________________

Адреса на седиште: ______________________________________

(во понатамошниот текст: “правно лице”),

ГИ ИМЕНУВАМ следните лица:

(правното лице може да именува едно или повеќе лица за пополнување на прашалникот)

Име и презиме: ______________________________________

ЕМБГ: ______________________________________

Адреса на живеење: ______________________________________

Податоци за контакт ______________________________________

(телефон, e-mail) ______________________________________

Име и презиме: ______________________________________

ЕМБГ: ______________________________________

Адреса на живеење: ______________________________________

Податоци за контакт ______________________________________

(телефон, e-mail) ______________________________________

Име и презиме: ______________________________________

ЕМБГ: ______________________________________

Адреса на живеење: ______________________________________

Податоци за контакт ______________________________________

(телефон, e-mail) ______________________________________

(во понатамошниот текст секое од горенаведените лица ќе се нарекува “именувано лице”)

како одговорно лице, во име и за сметка на правното лице, поединечно и самостојно да ги достави сите податоци, информации и документација согласно стандардизираниот текст на ESG прашалник, преку одговарање на формулирани прашања, избор на понудени одговори, пополнување на полиња со внес на конкретни информации и прикачување на документи кои се однесуваат активноста и работењето на правното лице од доменот на следните области: животна средина (E), општествени прашања (S) и управување (G).

Во таа смисла, именуваното лице, СЕ ОВЛАСТУВА во име и за сметка на правното лице за следното:

(i) да пристапи и да се најави на официјалната веб-платформа хостирана од страна на провајдерот Македонско кредитно биро АД Скопје (во понатамошниот текст: “веб-платформа”);

(ii) без било какво ограничување да ги внесе, пополни, соопшти, одговори и достави до провајдерот сите потребни податоци и информации, како и да ги прикачи сите потребни документи издадени од правното лице или стекнати во текот на неговото работење кои се потребни за давање на релевантните информации за горенаведените ESG области, следејќи ги објавените инструкции и прирачник за пополнување на стандардизиран образец на ESG прашалник;

(iii) во иднина повремено да ги ажурира внесените податоци и да ги повторува горенаведените дејствија неопределен број пати.

Во врска со горенаведените дејствија, го изјавувам следното:

- именуваното лице е компетентно за пополнување и ажурирање на ESG прашалникот и истото ќе ги следи сите упатства и процедури за правилно и точно внесување на податоците;
- на веб-платформата ќе се внесуваат исклучиво точни и вистинити податоци, а ќе се прикачуваат само веродостојни документи;
- сите преземени дејствија од страна на именуваното лице во поглед на внес, пополнување, соопштување, одговорање, доставување на податоци и прикачување документи, ќе се сметаат како дејствија кои ги презело правното лице и јас како негов законски застапник;
- запознаен сум дека пополнетиот ESG прашалник и споделените информации и документи се особено важни за оценување на практиките и перформансите на правното лице во поглед на исполнување на обврските од областа на животната средина (E), општествените прашања (S) и управувањето (G) и го одразуваат степенот на посветеност кон одржливоста и одговорното деловно работење;
- запознаен сум дека бараните податоци и документи се значајни за добивање на кредитна/финансиска погодност и доколку се невистинити создаваат одговорност за правното лице, законскиот застапник и именуваното лице;
- давам согласност сите податоци содржани во пополнетиот ESG прашалник заедно со доставените документи да бидат достапни, да може да се користат, преземаат преку веб-платформата и интерно обработуваат од страна на секоја банка со седиште во Република Северна Македонија која има дозвола за работење издадена од НБРСМ, за која правното лице има дадено согласност на веб-платформата;

- провајдерот на веб-платформата и банките нема да имаат никаква одговорност за било каква деловна одлука донесена врз основа на користењето на податоци, информации и документи на горенаведениот начин;
- ги прифаќам Општите услови за користење на ESG платформата и доставување на ESG податоци, кои се објавени на следниот линк https://mkb.mk/wp-content/uploads/2025/10/Општи-услови-за-ESG.pdf;
- провајдерот на веб-платформата и банките имаат право да го контактираат правното лице и именуваното лице, адресирајќи прашања или барања за појаснувања на било кој аспект поврзан со ESG прашалникот;
- овластувањата на именуваното лице важат сé до нивно отповикување за што провајдерот на веб-платформата треба да биде уредно известен;
- сите дадени изјави и согласности содржани во оваа изјава, ќе се сметаат за важечки до поинакво известување од правното лице до провајдерот на веб-платформата.

**Место и датум: ___________, __.__.____ година**

**Изјавил:**

**За правно лице: ________________________________________ (назив)**

**Законски застапник: ____________________________________ (име и презиме)**

**потпис**